

КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
29 септември - 5 октомври 2026 Билтен бр. 654

29 СЕПТЕМВРИ – ДЕН ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЗАГУБАТА И ОТПАДОТ ОД ХРАНА

Храната е ресурс и треба да ја користиме одговорно.
Општина Карпош преку активностите во основните училишта и градинките поттикнува селекција и компостирање на органскиот отпад. Учениците учат како биоотпадот може да се претвори во компост, кој потоа се користи за раззеленување и уредување на училишните дворови.

Со мали чекори создаваме големи промени – за почист Карпош и поодржлива иднина.
Да не фрламе. Да селектираме. Да компостираме.



ЗА ЧИСТО СКОПЈЕ – ЗАЕДНО!

Градоначалникот Сотир Лукровски активно се приклучи на големата еко акција за чисто Скопје, иницирана од градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски. Заедно со останатите скопски градоначалници, Лукровски даде свој придонес во акцијата, испраќајќи јасна порака за важноста на заедништвото, соработката и одговорниот однос кон животната средина.

Чистата околина и уредниот јавен простор се заедничка одговорност. Со дела, а не само со зборови – за подобро Скопје!



ЗАЕДНО ЗА ПОЧИСТА И ПОУБАВА ОПШТИНА!

Во денешната еко акција, која се реализираше во реонот околу ТЦ Лептокарија, учествуваа десетици граѓани, административци и волонтери. На акцијата се приклучија и градоначалникот Сотир Лукровски и претседателот на Советот, Христо Саракинов, кои заедно со карпошани дадоа свој придонес во чистењето на просторот.

Заедничките акции се доказ дека кога сме обединети, можеме да направиме конкретна промена во средината во која живееме.

Благодарност до сите граѓани, административци и волонтери за поддршката и учеството.

Продолжуваме за две недели, на друга локација!



УЧЕНИЦИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ НИЖАТ УСПЕСИ И НАГРАДИ!

Талентот, трудот и посветеноста на учениците од ООУ „Војдан Чернодрински“ повторно носат одлични резултати! Павел Шаламаноски, ученик во III-а одделение, ја освои првата награда на Меѓународната поетска манифестација „Сплоти се Македонијо“, со песната „Моја Македонија“.

Честитки и за неговата менторка, наставничката Светлана Софијаноска, која доби пофалница за својот уметнички придонес.

Михаил Псалтиров, ученик во VII-б одделение, освои две златни медали и две први места на меѓународниот пливачки митинг „Orion Cup Mini 2026“, во дисциплините 50 и 100 метри грбно. Честитки за Павел, Михаил и нивните ментори! Ви посакуваме уште многу успеси, награди и причини за гордост!



КАРПОШ – АКТИВНО ТРАНСПАРЕНТЕН И ОТЧЕТЕН

Општина Карпош континуирано ја унапредува активната транспарентност, со цел граѓаните навремено да имаат пристап до информации за работата на локалната самоуправа, како и за своите права и обврски.

Според Индексот на активна транспарентност за 2026 година, изработен од Центарот за граѓански комуникации, Општина Карпош е оценета со 96,9% и е вброена во групата институции со „многу добра“ активна транспарентност.

Што подразбираме под активна транспарентност? Активната транспарентност подразбира институциите самостојно и навремено да објавуваат информации, без граѓаните претходно да поднесат барање за нивно доставување. Со проактивното објавување на информациите, институциите придонесуваат кон поголема отчетност, одговорно управување со јавните средства и почитување на принципите на добро владеење и интегритет. Објавените информации треба да бидат лесно достапни, разбирливи, релевантни и употребливи за граѓаните.

Општина Карпош продолжува да гради отворена, транспарентна и отчетна локална самоуправа, во интерес на граѓаните и со почитување на нивното право на информираност.



ЗГОЛЕМЕНИ СРЕДСТВАТА ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ НА МЕГА ПАРКОТ ВО КАРПОШ 4

Во рамки на 18. седница чие продолжение се одржа денеска, Советот на Општина Карпош заседаваше и расправаше по вкупно 25 точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока, советниците ја поддржаа Одлуката за изменување на поранешната Одлука од 2023 година, за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за партерно уредување и озеленување на Мега паркот во Карпош 4, кој ќе се простира помеѓу реката Вардар и Бул. Илинден, на потегот со ул. Никола Парапунов и ул. Љубљанска.

Имено, со старата Одлука од 2023 година за оваа намена беа предвидени вкупни средства во висина од 30.000.000 денари, додека паксоновоизменетата Одлука од 2026 година се предвидуваат финансиски средства во висина од 118.000.000 денари, кои целосно ќе ги обезбеди Град Скопје од својот Буџет за 2023, 2024, 2025, 2026 и 2027 година. Покрај хортикултурното уредување и озеленување на парковската површина, се предвидуваат низа активности какви што се геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, паркинг простори, спортски игралишта и летна сцена. Општина Карпош во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно – правни спорови и издавање за сите потребни дозволи, пред започнување на изведбата.

Советот ја поддржа Одлуката за прифаќање на донација од Стопанска банка АД Скопје, за опремување на Младинскиот центар на Општина Карпош и административните простории во локалната самоуправа.



ДОДЕЛЕНИ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ ЗА 2026 ГОДИНА

По завршувањето на Јавниот повик за доделување спортски стипендии за талентирани спортисти – жители на Општина Карпош, доделени се спортски стипендии за ученици од VIII и IX одделение за учебната 2026/2027 година.

Спортските стипендии од Прва категорија изнесуваат 3.500 денари месечно и се доделуваат за период од осум месеци во текот на учебната година.

Спортските стипендии од Втора категорија изнесуваат 3.000 денари месечно и се доделуваат за период од осум месеци во текот на учебната година.

Списокот на добитници на спортските стипендии за 2026 година можете да го погледнете на следниот линк: https://shorturl.at/usWM6

Со доделувањето на спортските стипендии, Општина Карпош продолжува со поддршката на младите спортски таленти и нивниот развој, особено на учениците кои со своите индивидуални спортски резултати се издвојуваат на национално и репрезентативно ниво.



ДОБИТНИЦИ НА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Општина Карпош и оваа година продолжува да ги поддржува талентираните ученици од основните училишта на својата територија, преку доделување осуммесечни стипендии за учениците од VIII и IX одделение.
Во учебната 2026/2027 година, Општината ќе додели вкупно 57 стипендии, од кои: 33 стипендии од прва категорија, во месечен износ од 3.500 денари; * 24 стипендии од втора категорија, во месечен износ од 3.000 денари.

Списокот на добитници на стипендии можете да го погледнете на следниот линк: https://shorturl.at/toH6R

Со оваа мерка, Општина Карпош ги поттикнува и наградува младите таленти, мотивирајќи ги да продолжат да постигнуваат одлични резултати во образованието, како и во воннаставните и слободните активности.



НЕГОВОТО БЛАЖЕНСТВО ГОСПОДИН ГОСПОДИН СТЕФАН ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош денеска имаше чест да биде домаќин на Неговото Блаженство Господин Господин Стефан, поглавар на Македонската православна црква – Охридска Архиепископија, кој беше пречекан од градоначалникот Сотир Лукровски. На средбата се разговараше за состојбите во локалната заедница, состојбата на верските објекти на територијата на Општина Карпош, како и за значењето на духовноста, вербата и меѓусебната почит во градењето сплотена и солидарна заедница.

Беше истакнато дека почитувањето на различностите, духовните убедувања и достоинството на секој човек се важни темели за мирен и хармоничен соживот, а заедништвото и дијалогот се вредности што ја поврзуваат локалната заедница.

По повод 50-годишниот јубилеј на Општина Карпош, Неговото Блаженство упати честитки до раководството и граѓаните на општината, со желби за понатамошен развој, благосостојба и заедништво.

Општина Карпош останува посветена на градењето заедница заснована



СВЕЧЕНО ОТВОРЕНИ РЕСУРСНИОТ И МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР – КАРПОШ

По повод одбележување на 50 години од основање на Општина Карпош, попладнево, во рамки на култниот спортски објект „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, беа официјално отворени Младинскиот Центар – Карпош (МЦК) и Ресурсниот Центар – Карпош (РЦК). Идејата за отворање на двата младински центри на територија на Карпош, потекнува од Сотир Лукровски и Мирјана Пехчевска, а за нивната целосна реализација се погрижија претставниците од Секторот за развој од Општина Карпош, Александра Теова и Роберт Јанковски. И покрај тоа што овие два центри активно функционираат веќе три месеци, денеска беа официјално промовирани пред пошироката јавност. Станува збор за две нови простории во рамки на спортската сала Партизан, која Општина Карпош им ги отстапи на невладините организации и на младите карпошани, за да можат на едно место непречено да ги реализираат своите идеи, активности и иницијативи.

На свеченоста присуствуваа жители од Карпош, претставници на невладини организации, на Халк банка, Стопанска банка, вработените од книжарницата Тримакс, како и првиот човек на Општина Карпош, Сотир Лукровски.



СЕ РЕШАВААТ ДЕЦЕНИСКИ ПРОБЛЕМИ

По барање на граѓаните, градоначалникот утрово изврши увид во градежните активности на улицата „Софиска“, на спојот со улицата “Партизанска“ во Долно Нерези. Во соработка со изведувачот, се решаваат децениски проблеми поврзани со водоводната мрежа, а по завршувањето на работите ќе следува и асфалтирање на улицата. Продолжуваме со реализација на конкретни проекти што ги решаваат долгогодишните проблеми и го подобруваат секојдневното функционирање на граѓаните.



КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО КАРПОШ

Градоначалникот Сотир Лукровски, заедно со градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски, и премиерот Христијан Мицкоски , беа на увид на изградбата на мостот на ул. Љубљанска.

Станува збор за еден од поголемите капитални инфраструктурни проекти во Скопје, кој се реализира со поддршка на Владата на Република Северна Македонија. По завршувањето, мостот ќе обезбеди нова сообраќајна врска меѓу „Љубљанска“ и „Скупи“, подобра поврзаност на северниот и западниот дел од градот и растоварување на постојните сообраќајни правци.

Заедно можеме секогаш повеќе.



ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ ВОДИ ВО ФУДБАЛ И ОДБОЈКА

По одиграни две кола од училишните спортски лиги на Општина Карпош, фудбалската екипа на момчиња од ООУ „Јан Амос Коменски“ се наоѓа на првото место на табелата. Втори и трети се екипите на ООУ „Братство“ и ООУ „Владо Тасевски“.

Успешни се и одбојкарките од ООУ „Јан Амос Коменски“, кои исто така се на лидерската позиција. Второто место го заземаат ученичките од ООУ „Димо Хаџи Димов“, а третото од ООУ „Лазо Трповски“.

Натпреварите во фудбал се одржуваат на спортските терени во Влае, додека одбојката и кошарката се играат во спортската сала „Наум Наумовски – Борче“ – „Партизан“. Продолжуваат натпреварите од училишните спортски игри, дружењето и победничкиот дух!



„ЕТНОС“ ВО КАРПОШ

Карпошани денес уживаа во прекрасниот настап на фолклорниот ансамбл „Етнос“. Плоштадот „Делфина“ беше исполнет со љубители на фолклорот, традицијата и македонската култура.

На почетокот на концертниот настан, градоначалникот Сотир Лукровски ги поздрави сите присутни и упати благодарност до играорците кои со својата посветеност ја чуваат, негуваат и пренесуваат традицијата од генерација на генерација.
Општина Карпош продолжува во континуитет да ги поддржува културно-забавните настани, кои се нераскинлив дел од животот и секојдневието на Карпош.

Фолклорот е нашата традиција, култура и заедничко наследство!



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЛУКРОВСКИ НА СРЕДБА СО ЖИТЕЛИТЕ ОД ЖДАНЕЦ

По барање на граѓаните од Жданец, градоначалникот Сотир Лукровски и дел од советниците оствари средба со жителите, на која беа отворени повеќе прашања поврзани со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат.

На средбата беа посочени неколку приоритетни проблеми, меѓу кои потребата од асфалтирање на дел оф улиците, решавање на проблемите со канализацијата на одредени локации, како и санирање на свлечиштето во близина на црквата.
Градоначалникот ги сослуша барањата на граѓаните и разговараа за можните решенија и следните чекори за подобрување на условите за живот во овој дел од Карпош.
Средбите со граѓаните се важен дел од работењето на локалната



ОБУКИ ЗА ПРВА ПОМОШ ЗА НЕГОВАТЕЛКИ И ВОСПИТУВАЧКИ ОД КАРПОШ

Општина Карпош, во соработка со Црвениот крст на град Скопје, започна со реализација на едукативни и практични обуки за прва помош, наменети за 100 воспитувачки и негователки од детските установи на територијата на општината.

Обуките започнаа денеска, а ќе се реализираат до петок, 9 октомври, од страна на стручни тимови на Црвениот крст, составени од координатор и доктор.
Преку теоретски и практични вежби, воспитувачките и негователките ќе имаат можност да ги надградат своите знаења и практични вештини за навремено и соодветно постапување во ситуации кога е потребна прва помош, особено имајќи ја предвид нивната одговорност и грижата за најмладите.
Со вложување во знаењето и подготвеноста на воспитно-згрижувачкиот кадар, Општина Карпош придонесува кон создавање побезбедна средина за најмладите.



ПРИЗНАНИЈА ЗА УСПЕШНИ НАСТАВНИЦИ ОД КАРПОШ

По повод Денот на наставниците, Општина Карпош додели признанија на 10 наставници од сите десет основните училишта на територијата на општината.

Со ова "Признание за успешен наставник" се оддава почит на нивната посветеност, професионалност, знаење и придонес во образованието и воспитувањето на младите генерации:

Признанијата ги добија:
- **Лидија Стефановска Ангеловска од ООУ „Лазо Трповски",**
- **Пепи Стефановска од ООУ „Вера Циривири-Трен**
- **Анета Аначкова од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош",**
- **Татјана Ѓеоргиевска од „Јан Амос Коменски",**
- **Гилсер Абдула од ООУ „Братство",**
- **Надица Митевска од ООУ „Војдан Чернодрински",**
- **Биљана Јованова од ООУ „Владо Тасевски",**
- **Катерина Милевска од „Петар Поп Арсов",**
- **Невена Маркоска од ООУ „Димо Хаџи Димов" и**
- **Александра Гаврилоска од ООУ „Аврам Писевски".**

Честитки до сите наградени наставници за ова значајно признание!

Работата на наставникот остава трага во знаењето, воспитувањето и развојот на секоја нова генерација. Општина Карпош го вреднува и поддржува нивниот труд, посветеност и љубов, со кои секојдневно придонесуваат кон создавање одговорни и успешни млади луѓе.



ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТЕРЕН

Општина Карпош продолжува со редовните инспекциски контроли на терен, согласно утврдениот план за работа на инспекциските служби. Во текот на изминатата недела, контролите се реализираа во попладневните и вечерните часови, во повеќе групи и на критични точки на територијата на општината. Покрај изречените опомени до физички лица, комуналните редари изрекоа и седум прекршочни налози за неправилно одлагање на отпадот. Инспекциските контроли ќе продолжат и во наредниот период, со цел одржување на комуналниот ред и почиста и поуредна општина. Општина Карпош апелира до граѓаните совесно и соодветно да го одлагаат отпадот и да придонесат за почиста и поуредна животна средина.

